# RELIABILITY OF THE STATISTICAL METHOD IN RESEARCHING CRIMINALITY

**Vladimir Pivovarov, Ph. D**
MIT University – Skopje, Republic of Macedonia pivovarov_vladimir@yahoo.com

**Abstract:** In every society, criminality is treated as a negative behavior which, depending on the threats and consequences, causes unwanted damages to the citizens as well as the state. Using the statistical method in the research of criminality, we can predict the movement of criminality regarding its quantity and quality. This method can help us expand and upgrade our knowledge of criminality. In the scientific criminological circles, the opinions regarding the reliability of the results from the statistical method used in criminality research are divided between those who consider this method to be absolutely true, and those who claim that these types of research give absolutely false and misleading data. This method, used in researching criminality, should not be a series of plain data related to committed crimes, but a thorough representation of data combined with the results from other methods used in criminality research, like interview, experiment, implementation and measurement.
**Keywords:** statistical method, research, criminality, reliability, applicability.

# ВЕРОДОСТОЈНОСТА НА СТАТИСТИЧКАТА МЕТОДА ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

**Проф. д-р Владимир Пивоваров**
МИТ Универзитет – Скопје, Р. Македонија, pivovarov_vladimir@yahoo.com

**Резиме:** Статистичките евиденции за сторениот криминалитет, во секоја држава eh oficio ги водат органите надлежни за справување со криминалитетот. Во Република Македонија тие органи се Министерството за внатрешни работи, Судовите во сите инстанци и Јавното обвинителство. Ваквите евиденции на статистички податоци, а кои се потребни за криминолошки истражувања, може да се однесуваат на вкупниот збир на криминалитетот ( концентрични ), како и оние кои се однесуваат на поедини видови на кривични дела ( фрагментарни). Освен водењето на статистички евиденции на национално ниво кои ги водат наведените државни органи, статистички евиденции за криминалитетот се водат и на меѓународно ниво. Таква специјализирана меѓународна организација на европско тло е ЕВРОПОЛ. При водењето на статистиката за криминалитетот, мора да се води сметка пред се за законската дефиниција и промената во нивните системи кој до израз доаѓаат во компаративните прегледи и анализи.[172]
Генерално статистиката на криминалитетот се води за три групи на податоци кои се однесуваат на:
-Прво, лични податоци и статусната состојба на деликвентот во општеството ( пол, возраст, брачна состојба, школска спрема, имотна состојба, професија и социјална припадност ),
-Второ, видови на кривични дела кои се групираат согласно кривично правните карактеристики, и
-Трето, временска дистанца и просторност ( географија на криминалитетот ).
**Клучни зборови:** статистички метод, истражување, криминалитет, веродостојност, применливост.

## 1. ВОВЕД

Податоците за сторените керивични дела а кои се водат од страна на државните органи задолжени за борба со криминалитетот, не ја отсликуваат реалната слика поради различни причини. Во борба за што поголема ефикасност, органите за внатрешни работи кои ја водат оваа статистика на микро ниво, со цел да прикажат поголема ефикасност во откривачката дејност, свесно и намерно „ ги штелуваат " процентите на откриени кривични дела. Врз основа на ваквите криминални статистики не е можно да се гради криминалната политика. Втор битен момент е судската статистика на криминалитетот од причини што поднесените кривични пријави од страна на јавното обвинителство не секогаш завршуваат со осудителна пресуда односно поради немање докази завршуваат со ослободителна пресуда. Со ваквиот начин на водење на статистиката на криминалитетот од страна на органите за внатрешни работи, создаваме слика за привидниот криминалитет, а од судската статистика добиваме впечаток за легалниот криминалитет. Поради напред наведеното, најсигурна е судската статистика од причини што таа ги евидентира само оние дела кои

[172] Милутиновиќ М., Криминологија са основима криминалне политике и пенологији, Београд, 1976 год., стр. 59

се опфатени во кривичниот закон и за истите е донесена правосилна судска пресуда. Ваквите судски податоци претставуваат основ за следење на криминалитетот, носење на оценка за неговото движење и претствува солидна поодна ориентација за криминолошките истражувања.

## 2.РЕАЛНОСТА ЗА СТАТИСТИЧКИТЕ ПОДАТОЦИ

Следен проблем со кој се соочуваме при водењето на криминалните евиденции е од временска природа од причини што поднесените кеивични пријави до јавното обвинителство не се процесуираат во истата календарска година а поради ажурноста на судството и нивно пресудување после неколку години, токму оваа временска дистанца во статистиките на овие државни органи може да не доведе во заблуда за создавање на реална слика за криминалитетот.

Исто така еден број на сторени кривични дела воопшто не влегуваат во ниту една евиденција на надлежните органи. Тоа се сторени кривични дела кои припаѓаат на **темната бројка криминалитетот ( chifre noire ),** што исто така допринесува за немањето на јасна претстава за севкупниот криминалитет. Особено е голема темната бројка на криминалитетот во економскиот криминалитет т.н. криминалитет на белите јакни. Неспорно е дека бројот на реано извршени кривични дела е многу поголем од статистички прикажаниот криминалитет.[173] Темната бројка на криминалитетот воглавно опфаќа три вида на кривични дела: совршен злостор, кривични дела за кои тешко се обезбедуваат докази поради што судот ги ослободува осомничените лица и кривични дела кои заедницата во која живее сторителот свесни ги прикрива. Грешките при статистичкото прикажување на криминалитетот се поврзуваат со евиденцијата и анализата на податоците за извршените кривични дела и нивните сторители. Статистичката постапка е поделена на три етапи: бележење, анализа и носење на заклучок. Грешките направени при бележењето, доведуваат до погрешно анализирање а со самото и до погрешно носење на заклучок.

Статистичкото прикажување на податоците за криминалитетот, се повеќекратно корисни за развојот на криминолошката теорија и практика. Ваквите податоци се потребни за детектирање на причините за криминалитетот и носење на криминолошко етиолошки заклучоци. Статистичките податоци служат и како индикатор за насочување на криминолошките истражувања и нивно насочување во одреден правец како и за развивање на практика за креирање на политиката за сузбивање на криминалитетот.

## 3. АПЛИКАТИВНОСТ НА СТАТИСТИЧКАТА МЕТОДА

При примената на статистичката метода при изучувањето на општествено негативните појави, се користат законот на веројатност, средна вредност, метода на корелација и метода на примерок. Со примена на некои од овие методи се доаѓа до податоци кои укажуваат на состојбата и движењето на криминалитетот во една земја, регион или пошироко во меѓународни рамки. Со примена на оваа метода, може да се детектира одредена правилност или неправилност на движењето на криминалитетот врз основа на што се прогнозира движењето на криминалитетот во иднина. Во криминолошката наука разликуваме општи и посебни законитости на криминалитетот. Со општите законитости се предвидува динамиката и тенденцијата на развојот на криминалитетот на долг период. Со нив се презентира глобалната страна на криминалитетот ( квантитативни карактеристики ). Посебните статистички карактеристики се однесуваат на структурата на криминалитетот по видови на кривични дела, по полова припадност, по социјална припадност и возраст. Посебните статистички карактеристики укажуваат на содржинската страна на криминалитетот ( квалитативни карактеристики ). Преку анализата на статистичките податоци, социјалните и другите услови на живот може да се предвиди движењето на криминалитетот ( пораст, опаѓање, задржување на исто ниво ) како и промената во неговата структура, што е многу значајно за превземање на конкретни превентивни мерки но и понатамошни научни истражувања кои треба да дојдат до вистинските етиолошки сознанија за криминалитетот,[174] сознанија кои треба да одговорат на прашањето зошто одредени лица сторуваат кривични дела, зошто предвидената казна не ги одвраќа од сторување и каде се наоѓаат изворите и причините за сторување на кривични дела.

Апсолутната големина во статистичките истражувања на криминалитетот во една земја, го изразува севкупниот криминалитет додека пак релативната големина на криминалитетот ја изразува квотата на криминалитетот која се одредува на одреден временски период на годишно ниво на одредена популација ( на пример 300 000 граѓани ). Застапеноста на криминалитетот ( густина на криминалитетот ), укажува на

---

[173] H. von Weber, Kriminologie und Vollzug der Freiheitsstrafe, Stuttgart, 1961, str. 15

[174] Н. Кондрашков., Природа и карактер статистичких података који се изучавају у криминологији, Совјетско гасударство и право, Москва 1966 год., стр 76 - 78

застапеноста на криминалитетот во одреден временски период кој се однесува на бројчано одреден бројка на граѓани. Резултатите од истражувањето со примена на оваа статистичка метода им овозможува на органите за внатрешни работи да ја планираат и спреоведат превенцијата на криминалитетот. Со примена на методата на корелација се споредува односите помеѓу криминалитетот и други појави кои допринесуваат за извршување на кривични дела, пред се мисли на професијата на извршителот, имотната состојба, интелигенцијата, економската состојба, општествена ангажираност како и многу други фактори. Оваа метода е осбено значајна во сеопфатното изучување на криминалитетот. Со примена на статистичката метода на примерок, во голема мера се скусува постапката на прибирање факти за извршувањето на кривичните дела и криминалното однесување на извршителите. Наместо да се проучуваат илјадници кривични дела и нивните извршители, репрезентативно се одбира одреден број на кривични дела кои податоци се обработуваат. Оваа метода уште се нарекува и репрезентативна метода на проучување на криминалитетот. Зависно од ситуацијата на проучувањето на примерок на криминалитетот се применуваат два основи, прост и сложен. Изборот на примерокот потребен за истражување со помош на оваа метода може да биде случаен, однапред одреден и мешовит. Криминолошката практика познава и избор на ориентационен примерок. Заклучоците добиени со набљудување врз основа на примерок помалку или повеќе отстапуваат од заклучоците кои би се добиле врз основ на испитување на сите единици на испитуваните криминални појави. Ваквите грешки се обременети и со дополнителен фактор а тоа е темната бројка на криминалитетот со што неможе да се добие кристално јасна слика за извршениот криминалитет со што се усложнуваат криминолошките истражувања.

Сите опсервации се подложни на грешки, помали или поголеми кои може да бидат од систематски или случајни причини. Грешките резултираат во прв ред поради внесување на субјективниот момент при интервјуирањето на испитаникот што директно влијае на точноста на добиените одговори. Втор елемент кој може да доведе до грешки е и самото составување на прашањата инкорпорирани во прашалникот на кој треба да одговори испитаникот. Грешките може да бидат и поголеми доколку поради брзина и временска ефикасност се користат и применуваат примероци на кои може да им се приговра во поглед на репрезентативноста на набљудуваната појава. Во случаи на испитување на криминалниот феномен, посебни тешкотии се јавуваат околу самиот избор на единката која ја набљудуваме бидејќи таа мора да биде репрезентативна, единствена и општо прифатена. Статистичките истражувања не секогаш можат да одговорат на задачата која им е доверена од причини што се користат недоволно избалансирани единици а проблем претставува и нееднаквото толкување на добиените релултати кои се добиени со примена на статистичките методи.[175]

При проучувањето на криминалитетот со примена на статистичката метода во предвид треба да се имаат земените примероци за испитување што може да не доведе до погрешни заклучоци за корелацијата помеѓу криминалитетот и одредена криминална појава. Криминолошката практика познава случаи на статистичко истражување на конкретни криминални состојби од страна на еминентни криминолози но презентираните резултати биле дијаметрално спротивставени. Статистичките анализи не се во состојба со сигурност да ги откриваат причините за појавување и егзистирање на криминалитетот а со самото тоа и да се носат конечни заклучоци за натамошно превземање на конкретни мерки со цел спречување на криминалитетот.

Статистичката метода неможе самостојно да одговори за суштината на криминалниот феномен кој таа го истражува, неможе да ги утврди внатрешните каузални врски и односи.

Статистичките методи во основа претставуваат методи за прибавување на факти и нивна обработка и анализа но како такви неможе да овозможи потполна реална слика за етиологијата и феноменологијата на криминалитетот. Поради наведеното, во предвид треба да имаме дека статистичката метода при истражувањето на криминалитетот не е целосно веродостојна за да може да се носат конкретни заклучоци се додека вака прибраните податоци не се споредат со резултатите добиени со примена на многубројните методи кои и стојат на располагање на криминологија.[176]

Ова значи дека за добивање на релевантни резултати, потребно е да се спроведат длабински анализи со цел превземање на конкретни чекори во правец на сузбивање на криминалитетот односно планирање и превземање на вистински и правовремени мерки кои би ги дале очекуваните резултати.

---

[175] Милутиновиќ М., Криминологија са основима криминалне политике и пенологије, Београд, 1976 год., стр. 65
[176] Лукиќ Р., Основи социологије, Београд, 1962 год., стр. 77 - 78

**4.ЗАКЛУЧОК**

Истражувањето на криминалитетот како општествен феномен, исто како и останатите општествени појави се врши со примена на методи и истражувачки техники кои се аплакативни за добивање на сознанија за конкретниот проблем. Методите и инструментите на истражување, како поодна основа го имаат прибирањето на факти кои потоа се анализираат врз основа на што се носат заклучоци. Прибирањето на факти, користи повеќе методи како што се набљудувањето, експериментот, споредувањето, анкетата и интервјуто, мерењето и статистиката. Најприменувана метода е токму статистичката метода кој е предмет на овој труд.

Статистичката метода како најексплоатирана, има свои предности но и недостатоци. Повеќе фактори влијаат во негативностите при примена на оваа метода.

Немањето воедначено дефинирање на начинот на прибирање на податоци потребни за оваа метода, доведува до различно толкување на прибраните податоци што во крајна линија може да доведе до носење на погрешни заклучоци. Различното толкување на прибраните податоци исто така може да доведе до носење на погрешни заклучоци.

Прибраните податоци со примена на статистичката метода во истражувањето на криминалитетот, од страна на властите често пати се толкуваат на начин кои нив им одговара од што тие треба да остварат политички бенифит. Анализирањето на ваквите податоци, на ваков начин, влегува во сферата на политичкиот популизам што во јавноста не овозможува јасна претстава за криминалитетот и создавање на погрешна перцепција кај граѓаните за оваа општесвено негативна појава.

Овие податоци ги прибираат лица овластени од државата, меѓутоа доколку истите не се едуцирани претставува претпоставка за неточно презентирањето на податоци. Надлежни органи за водење на евиденции за случен криминалитет се Министерсвото за внатрешни работи, судовите и јавното обвинитекство. Гледано од аспектот време а имајќи во предност дека случаите на водење на судска постапка траат и по неколку месеци па и години, кога ќе се споредат статистичките податоци на овие надлежни органи за борба против криминалитетот нема да се подудараат. Темната бројка на криминалитетот исто така влијае на непотполна претстава за сторениот криминалитет.

Напред наведените претпоставки за негативните страни на оваа метода, треба да бидат отстранети со цел да добиеме точни и прецизни податоци врз основа на кои државата би можела да ја гради својата криминална политика. Мора да напоменеме дека податоците приберени со оваа метода, мора да бидат вкрстувани со податоците добиени со примена на другите методи па дури тогаш да се носат заклучоци за натамошно превземање на мерки од страна на државните органи задолжени за борба со криминалитетот.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Милутиновиќ М., Криминологија са основима криминалне политике, Београд, 1976 год.
[2] Weber von H., Kriminologie und Vollzug der Fretheitsstrafe, Stutgart, 1961,
[3] Лукиќ Р., Основи социологије, Београд, 1962 год.
[4] Кондрашков Н., Природа и карактер статистичких података који се изучавају у криминалистици, Москва, 1966 год.